Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
O M B U D S M A N
Republic of Macedonia

# ИНФОРМАЦИЈА

## НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ
## ПО ПОСЕТАТА НА ПОСЕБНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
## „ЗЛАТАН СРЕМАЦ“ И „ИДНИНА“ - СКОПЈЕ, „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - НОВО СЕЛО И ДРЖАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ И „ИСКРА“ - ШТИП

**Скопје, февруари 2010**

Народниот правобранител како овластен орган за заштита на правата на граѓаните води посебна грижа за почитувањето и остварувањето на правата на децата, за што покрај постапувањето по поднесени претставки ја следи и состојбата со остварувањето и заштитата на правата на децата во Република Македонија. Во тој контекст Народниот правобранител особено внимание посветува за децата со посебни потреби со цел непречено и подеднакво како и другите деца да ги остваруваат правата предвидени во Конвенцијата за правата на детето, која е ратификувана од Република Македонија. Со ратификацијата Републиката се обврзала да ги преземе сите можни мерки децата со посебни потреби да ги имаат истите права како и другите деца и да им се обезбеди посебна заштита, како што е предвидено со Уставот на Републиката и со законската регулатива.

Имено, согласно член 23 од Конвенцијата за правата на детето Македонија е обврзана на детето со ментални или физички пречки во развојот да му овозможи уживање на целосен и достоинствен живот, во услови со кои се обезбедува негово достоинство, се поттикнува самостојноста и се олеснува активното учество на детето во заедницата. На децата со пречки во развојот, согласно оваа одредба од Конвенцијата, државата треба да им обезбеди посебна нега и да ја поттикнува и обезбедува помошта за детето кое за тоа ги исполнува условите зависно од расположливите средства, состојбата на детето и условите на родителот и на другите лица кои се грижат за него. Притоа, уважувајќи ги посебните потреби на детето со пречки во развојот, државата треба да им обезбеди ефикасен пристап и овие деца да добиваат образование, обука, здравствена заштита и рехабилитација, со цел да се подготват за што е можно поцелосна општествена интеграција и да се овозможи личен развој на детето, вклучително и културен и духовен развој.

Заради остварување на овие цели, во законската регулатива се утврдени условите за вклучување на децата со посебни потреби во образовниот процес, за што според Законот за основното образование, се изработуваат посебни наставни планови и програми врз чија основа се организира и остварува воспитно-образовната дејност за учениците со посебни потреби за да се овозможи образование на учениците со посебни образовни потреби.

Оттука Република Македонија несебично се залага да ги вклучи во образованието (првично во основното, а потоа и во средното) децата со пречки во психичкиот и физичкиот развој, за што постојат посебни основни училишта и државни средни училишта, а воедно се организирани посебни паралелки во редовните училишта и во зависност од степенот на попреченост децата со посебни потреби можат да бидат вклучени и во редовното образование со другите деца.

Во таа насока по Извештајот на ЕКРИ и забелешките дека во Република Македонија голем број деца, особено од ромската заедница, учат во училишта за деца со посебни потреби, иако не се со таква категоризација, заради добивање поцелосни сознанија за овие констатации, за утврдување како се остварува правото на образование на децата со посебни потреби и за согледување на условите за нивно вклучување во образовниот процес, а со цел евентуално натамошно преземање соодветни мерки, Народниот правобранител

во февруари 2010 година посети неколку посебни основни училишта во Скопје. Посетени се: ПОУ „Д-р Златан Сремац“ и „Иднина“ кои имаат и подрачни паралелки во повеќе основни училишта во Скопје, ПОУ „Св. Климент Охридски“ во Ново Село, како и државните средни училишта за образование и рехабилитација: „Св. Наум Охридски“ во Скопје и „Искра“ во Штип.

Од добиените податоци утврдено е дека во споменатите посебни основни училишта во Република Македонија има вклучено деца со посебни потреби од повеќе заедници што живеат во Републиката, но особено е голем бројот на деца од ромската етничка заедница.

Прикажано по училишта состојбата е следна:

**Во ПОУ „Д-р Златан Сремац**“ како централно училиште заедно со подрачните паралелки што се отворени во: ОУ „Страшо Пинџур“ во населбата Даме Груев, ОУ „Кузман Шапкарев“ во Драчево, ОУ „Димитар Македонски“ во Лисиче, ОУ „Дитурие“ во Сарај и во ОУ „Ѓорче Петров“ во Ѓорче Петров, **вкупно се запишани 165 ученици од кои 86 се од ромската заедница, што претставува повеќе од 50%.**

**Во ПОУ„Илинден“ - Скопје** се изведува настава од прво до деветто одделение (основно образование) и тука се запишуваат ученици од населените места: Идризово, Петровец, Трубарево, Ченто, Шуто Оризари, Радишани и Топаанско Поле.

Во ова основно училиште заедно со подрачните паралелки отворени во: ОУ „Браќа Миладиновци“ - село Миладиновци, ОУ „Ристо Крле“ во с. Кадино, ОУ „Гоце Делчев“ - Илинден, ОУ „Вера Јоциќ“ - Маџари, ОУ „Кочо Рацин“ – с. Петровец **запишани се вкупно 253 ученици, од кои 93 се од ромската заедница, што исто така е доста висок процент во однос на другите заедници што живеат во Република Македонија.**

При увидот во овие училишта беа прегледани најголемиот број досиеја на запишаните ученици со цел да се утврди дали има деца коишто се запишани без наод од надлежен орган дека се деца со посебни потреби.

Во однос на ова прашање, утврдено е дека уписот се врши врз основа на претходно издаден наод и мислење на надлежна комисија или друга здравствена установа, а еден мал број од децата се упатени со наод од центрите за социјална работа. Наодите и мислењата издадени од Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје, РЕ Завод за ментално здравје се потпишани од стручен тим составен од: психијатар, педијатар, дефектолог, социјален работник и психолог.

Одреден број деца, иако не се категоризирани како деца со посебни потреби, сепак од страна на редовните се препраќаат во посебните училишта, а притоа се водат како запишани во редовните училишта. Овие деца посетуваат настава во посебно училиште, одреден период се под опсервација, по што училиштето доставува барање до надлежната комисија за нивна категоризација.

Исто така, децата кои се уште не се кагегоризирани од надлежната комисија не се испишуваат од редовните училишта од кои доаѓаат и доколку по извршениот преглед и категоризација стручниот тим издаде наод и мислење дека детето може да следи настава во редовно училиште, детето продолжува во училиштето каде е запишано, а во спротивно се испишува и се запишува во училиштето за деца со посебни потреби во кое било под опсервација.

Инаку, при увидот во документацијата (досиејата на учениците) со особено внимание на учениците од ромската заедница утврдено е дека се води

целосна евиденција за децата, односно во нивните досиеја има наоди и мислења од надлежна лекарска комисија, а како најчести дијагнози од комисијата се нотирани: едукативна запоставеност, лесна попреченост во психичкиот развој, умерена попреченост и деца со т.н. граничен случај.

Во одредени случаи родителите бараат нивните деца да следат настава во посебно училиште, за што даваат посебни изјави, по што, со цел да не останат надвор од образовниот процес децата се прифаќаат, односно се запишуваат во посебното училиште. Овие деца извесен период се ставаат под опсервација, се следи нивната состојба, по што наставничкиот совет во училиштето изготвува стручно мислење за детето врз основа на состојбата која се следела и се доставува барање до Заводот за ментално здравје заради категоризација на детето.

Забелешка на директорката во ПОУ „Иднина“ е дека категоризацијата на децата би требало да се врши во соработка со тимот во училиштата каде се образуваат децата со посебни потреби затоа што правилната опсервација на децата е во училиштата и ја врши стручен тим (психолог, социјален работник и дефектолог) кој во континуитет ја следи состојбата и однесувањето на детето.

Имено, во Заводот за ментално здравје категоризацијата на детето се врши во многу краток период, а Заводот не го зема предвид мислењето на тимот во училиштата и го категоризира детето така како што сметаат стручните лица во Заводот. Во вакви случаи училиштето нема друг избор освен да продолжи да работи со таквото дете, иако во суштина тоа не би требало да биде во наведеното училиште, односно според стручниот тим во училиштето не станува збор за дете со посебни потреби, туку за дете кое треба да посетува редовно училиште.

Од увидот во документацијата за децата запишани во овие основни училишта утврдено е и дека за секое дете има отворено посебно досие во кое е запишан бројот на документот издаден од Заводот за ментално здравје со кое детето е упатено да следи настава во посебно основно училиште, потоа извод од матичната книга на родените за детето, социјална анамнеза и проценка изготвена од тимот од работата на терен при посетата на семејството, разговорот со родителите, структурата на семејството и од следењето на детето.

При увидот исто така е утврдено дека децата од ромската заедница не секогаш го завршуваат основното образование, односно во ПОУ „Д-р Златан Сремац“ беше истакнато дека многу мал број деца од ромската заедница до крај го завршуваат основното образование и дека најчесто по завршување на четврто одделение се отпишуваат, а тоа се најчесто женските деца.

Стручниот тим во овие училишта особено ја потенцираа важноста на соработката со родителите, но за жал, истакнаа дека голем број родители, особено на децата од ромската заедница, не соработуваат со училиштата, недоволно водат грижа за децата, па затоа често има случаи поради раното стапување во брак женските деца да го напуштат училиштето. Таквите случаи училиштето ги пријавувало во надлежниот Центар за социјална работа, но според психологот на училиштето центрите за социјална работа не преземале никакви мерки и не работеле со децата и со семејствата за да им помогнат на родителите и да им укажат на потребата и обврската на децата за посета на основното образование.

Во однос на бесплатниот превоз на учениците утврдено е дека оваа бенефиција се почитува, а ПОУ„Иднина“ покрај ова има обезбедно минибус со

кој децата се носат до училиште и дома, на некои им се даваат бесплатни билети за превоз, додека за децата кои имаат потреба од придружник до училиштето (за што постои мислење од надлежната лекарска комисија), училиштата доставуваат барање до Министерството за образование и наука за обезбедување средства за покривање на трошоците за превоз на придружникот на детето кое има таква потреба.

**ПОУ„Св. Климент Охридски“ во Ново Село** е основано и започнало со образовна и воспитна дејност на деца со лесна и умерена попреченост во 1975 год. Со текот на времето условите и начинот на образовниот систем се менувал, а поради интересот и зголемениот број на деца кои доаѓале од други општини на државата во 1990 год. е основан и интернат – ученички дом. Децата се од 5,5 до 17-18-годишна возраст и претежно се испратени од центрите за социјални работи од: Гевгелија, Кичево, Крива Паланка, Неготино, Радовиш и Струмица.

Во училиштето има 54 ученици кои се поделени во три категории: со лесна попреченост 45 деца, со умерена попреченост 7 деца и 2 деца со аутизам.

Во ова училиште е запишан само 1 ученик од ромската етничка заедница.

Наставата во училиштето се одвива од 1 до 8 одделение, со целодневен престој и не постои самоволно напуштање, ниту испишување на учениците по барање на родителите, а постапката за сместување на децата е според пропишаните стандарди, за што вработените во училиштето се во постојана соработка со надлежните центри за социјална работа и претходно се информираат за постоење просторни услови за сместување дете и по доставен наод и мислење за категоризација на попреченоста од надлежната комисија детето се сместува во наведеното училиште.

Во областа на средното образование посетени се: **ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“- Скопје и „Искра“ во Штип.**

**Во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“- Скопје** се запишуваат деца во прва, втора и трета година средно образование, а наставата се одвива на македонски јазик.

Во учебната 2009/2010 година во училиштето има запишано вкупно 169 ученици од различна национална припадност (Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци и други).

Во прва година запишани се 59 ученици од кои 22 Роми**,** во втора година 56 ученици од кои 14 Роми и во трета година вкупно 54 ученици од кои 14 Роми.

**Од добиените податоци произлегува дека во ова средно училиште во моментот се запишани вкупно 169 ученици од кои бројот на ученици од ромската заедница во сите три години на средно образование во учебната 2009/2010 година е 50.**

Од увидот на досејата што се водат за секој ученик е утврдено дека најголемиот број од учениците се категоризирани како лица со лесни и комбинирани пречки во интелектуалниот развој. Во ова средно училиште се запишуваат деца од сите општини во Републиката. Уписот на деца се врши само врз основа на наод и мислење за извршена категоризација на детето од надлежна комисија, односно соодветна здравствена установа.

Децата кои се запишуваат во ова училиште доаѓаат од посебни, но и од редовни училишта, што значи средно образование во „Св. Наум Охридски“

може да продолжи ученик без оглед на претходниот статус на образование, доколку е категоризиран како лице со посебни потреби.

Во ова училиште не е забележан случај на упис на дете од ромска етничка заедница без претходно извршена категоризација од надлежна комисија или здравствена установа.

Од страна на стручниот тим и во ова училиште беше посебно потенцирана неопходноста за соработка со родителите, која доколку е на добро ниво дава позитивни резулатати во образованието и подобрување на однесувањето на децата. Меѓутоа според стручниот тим и во ова училиште е забележан недоволен интерес на родителите за образованието на децата, поради што често се случувало децата да отсуствуваат од настава, што понатаму придонесува децата да се судруваат со потешкотии во совладувањето на материјалот и во завршувањето на образованието.

При увидот во документацијата, особено на учениците кои при уписот се изјасниле дека се Роми, утврдено е дека нивниот упис е со претходно издаден наод од надлежна комисија во зависност од местото на живеење на детето, односно дека во училиштето се води целосна евиденција за децата со потребниот наод и мислење од лекарска комисија.

Во Државното средно училиште за образование и рехабилитација „**Искра“ од Штип** во учебната 2009 и 2010 година има запишано **вкупно 84 ученици** од кои **17 ученици се од ромска етничка заедница**, односно 9 во прва, 5 во втора и 3 ученици Роми во трета година.

Сите деца, вклучително и децата од ромската етничка заедница, се запишуваат во училиштето со наод и мислење на надлежна комисија од јавните здравствени установи во чиј состав учествува: психијатар, педијатар, психолог, дефектолог и социјален работник. Најчеста дијагноза е лесна попреченост во психичкиот развој, а само две деца се со умерена ментална попреченост.

Соработката со родителите, односно нивната грижа за децата, според стручните работници во училиштето, не задоволува без разлика дали се работи за деца од ромска или друга етничка заедница бидејќи најчесто се работи за деца чии родители се исто така со хендикеп или се наоѓаат во многу лоша социјална состојба (невработеност, лоши услови за живеење, живот во рурални средини и т.н.).

Социјалниот работник и педагогот од училиштето работат на терен за реално да се прикаже опфатот на децата со посебни потреби во ова училиште, а со оглед на тоа што средното образование е задолжително ги известуваат надлежните органи. Во училиштето на децата им е обезбедено сместување и исхрана бидејќи тука се сместени деца од повеќе општини, а при приготвувањето на храната се има предвид фактот дека децата од ромска националност се припадници на друга религија и имаат други навики во исхраната.

## КОНСТАТАЦИИ

- Во посебните основни училишта, како и во средното училиште „Св. Наум Охридски“ во Скопје голем е бројот на деца од ромската етничка заедница.

- Во овие основни и средни училишта нема запишано деца без претходно издаден наод и мислење од стручен тим кој врши категоризација на детето, освен мал број деца кои не се запишуваат веднаш, туку се под опсервација и за нив дополнително се бара наод и мислење од надлежна институција.
- Наодите и мислењата за категоризација на децата во Скопје најчесто ги издава Заводот за ментално здравје, а во другите градови наодите се издаваат од здравствени установи, но има и решенија од центрите за социјална работа што значи дека наодите ги издаваат различни органи и институции.
- Во училиштата наставата за децата со посебни потреби ја спроведуваат наставници/професори, дефектолог, педагог, логопед, психолог и социјален работник.
- Децата со посебни потреби учат врз основа на соодветни наставни содржини согласно потребите и попреченоста со цел да се олесни образованието на оваа категорија деца.
- Бројот на учениците во паралелките е соодветен на законските прописи што создава можност за индивидуална работа со децата.
- Образованието на децата со посебни потреби е отежнато или останува нецелосно реализирано поради недостигот од добра и соодветна соработка со родителите која, во некои случаи, е причинета од ниското образовно ниво и неповолната материјална состојба.
- Центрите за социјална работа недоволно се ангажираат за работа со семејствата и не се подготвени благовремено да интервенираат за надминување на проблемите при евентуални пријави од училиштата.

## ПРЕПОРАКИ

Заради создавање објективни услови и можности децата со посебни потреби редовно да посетуваат соодветно основно и средно образование и за подобрување на констатираната состојба, Народниот правобранител препорачува:

- Да се преземат соодветни мерки за навремено откривање и евидентирање на децата со посебни потреби.
- Да се изнајдат методи и начини за воспоставување редовна соработка на училиштата со родителите на децата со посебни потреби заради подобрување на резултатите во образованието, редовно следење на наставата и децата да го завршуваат образованието.
- Да се преземат мерки за едукација и оспособување на родителите за работа со децата со посебни потреби.
- Да се воспостави редовна соработка со центрите за социјална работа секогаш кога училиштата интервенираат дека има потреба за преземање мерки за заштита и остварување на правата на децата со посебни потреби.
- Со соодветен акт да се утврдат органите и институциите кои ќе бидат овластени да издаваат наод и мислење за попреченоста на децата, со цел надминување евентуални аномалии и спречување какви било злоупотреби во издавањето на наодот и мислењето за попреченоста на децата поради тоа што различни правни субјекти издаваат наоди, а училиштата

истакнуваат дека наодот не ја одразува секогаш вистинската психо-физичка состојба на детето и при категоризацијата или рекатегоризацијата на децата не се земаат предвид сугестиите на стручниот тим кој работи со децата во училиштата. Ова особено поради фактот дека во моментот голем број од децата запишани во посебни училишта се од ромската заедница, поради што се доведува во прашање објективноста на издадените наоди.
- Да се предвиди можност за формирање комисија која во повисока инстанца би ги разгледувала издадените првостепени наоди.

Во врска со категоризацијата на децата за упис во посебни училишта, Народниот правобранител има сознанија дека и Министерството за труд и социјална политика констатирало постоење на повеќе установи кои издаваат наоди и мислења за видот и степенот на попреченоста во развојот поради што и предложило на Владата на Република Македонија да се подготват промени во постоечкиот правилник за видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лицата со пречки во развојот, односно да се утврдат четири регионални комисии кои ќе бидат овластени да издаваат наоди и мислења.

Народниот правобранител ги запозна Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија со утврдената состојба и препорача сериозно да се разгледаат наведените констатации и да се преземат мерки по препораките со цел соодветна заштита на правата и интересите на децата со посебни потреби.